# Класичните јазици
# во гимназиското образование

Митко Чешларов
Биро за развој на образованието
ceslar@systasis.org.mk

## Увод

Од учебната 2001/2002 година, Министерството за образование и наука на Република Македонија започна со реформи на гимназиското образование. Подготовките и изработката на наставните планови и програми ги реализира Бирото за развој на образованието во соработка со надворешни експерти од различни области.

Со оваа реформа за првпат во гимназиите се воведуваат изборни предмети за учениците од прва до четврта година. Изборните предмети им овозможуваат на учениците да го обликуваат своето образование и да усвојуваат знаења на повисоко ниво кои водат кон определени студии.

Класичните јазици, латинскиот и старогрчкиот јазик, се застапени како изборни предмети во сите подрачја на гимназијата (литература и уметности, општествени науки и природни науки и матетматика). Во првите три години класични јазици, како изборни предмети, се изучуваат со фонд од два часа неделно (72 годишно) и во четврта година 3 часа неделно (108 годишно). Доколку учениците остварат определен фонд часови, тие можат да го изберат латинскиот или старогрчкиот јазик и како предмет за матурски испит.

## Општи цели на наставните предмети (класичните јазици)

Изучувањето на класичните јазици овозможува постигнување на општообразовните цели, а придонесува и за стручната оспособеност, за адекватна подготвеност за понатамошно образование и за личниот развој на учениците и тоа во когнитивното, афективното и психо-моторното подрачје.

Со изучувањето на класичните јазици се постигнуваат општите цели на предметот преку кои учениците се оспособуваат:

– Да ја развијат јазичната култура и самосвест со осознавањето на некои универзални елементи на јазикот. Преку споредби на блиски и контрастни примери и преку анализа и синтеза на јазичните појави учениците ја стекнуваат и ја развиваат способноста за самостојно размислување за јазикот. На тој начин тие ги развиваат и своите когнитивни способности, како и логичното и апстрактно размислување.

– Да ги разберат причинско-последични односи и врски и меѓусебна зависност на јазичните и културно-цивилизациските процеси и појави преку нивното дијахроно изучување. Учениците ја согледуваат и разбираат корелацијата меѓу културните и цивилизациските појави во простор и во време. На тој начин учениците ја развиваат и способноста за критично, самостојно и објективно просудување, свеста за слобода на мислењето и самостојност во работата. Откриваат и развиваат сопствени стратегии за учење, се оспособуваат за самостојно пронаоѓање информации од различни извори, како и за обработка на тие информации, па со тоа и за идни самостојни студии.

– Да ги усвојат високите морални вредности и критериуми иманентни на грчко-римската античка цивилизација со читање и преведување на изворни извадоци од делата на римските и грчките мислители и автори и на тој начин да ги оформуваат и развиваат сопствените морални квалитети. Исто така, се афирмираат хуманите етички начела и стандарди на мислење и однесување, што води и кон промени во позитивното самовреднување и самопочитување.

– Да усвојат знаења и претстави за античката култура (јазик, историја, литература, митологија) за да се поттикне кај учениците споредување со националните и други, пошироки културно-развојни токови, како и свест за македонскиот национален и културно-јазичен идентитет.

– Да изградат добри работни навики поради специфичноста на изучувањето на класичните јазици. Нужноста од редовна секојдневна работа и надградба на новите врз претходно усвоените знаења поттикнуваат да се развие систематичност и истрајност кај учениците. Големиот број позитивни парадигматични сентенци им помагаат учењето да го воспримаат како доживотен процес.

Од општите цели на наставните предмети – латински и старогрчки јазик, произлегуваат и оперативните цели за изучувањето на јазиците за секоја година одделно, како и конкретните цели за секоја наставна содржина.

(Наставни програми по латински јазик I- IV година, Наставни програми по старогрчки јазик I – IV година, Биро за развој на образование 2001 – 2002 година).

## Дидактички насоки и корелација со други наставни предмети

Содржините во програмите по класичните јазици се групирани на тој начин што дел го сочинуваат наставни содржини од јазикот, а дел содржини кои се однесуваат на античката цивилизација и култура.

Содржините можат меѓусебно да се комбинираат и испреплетуваат на различни начини и во различен сооднос, во зависност од креативноста на наставникот, како и од интересот и способностите на учениците. Притоа, може да дојде до израз слободата и автономноста на непосредните учесници во наставниот процес – учениците и наставникот.

Затоа и се препорачува часовите да бидат комбинирани од предавања, дискусии, работа во групи, проверување на знаењата.

Класичните јазици и содржините што ги обработуваат ги определуваат како интердисциплинрни предмети, каде меѓусебно се преплетени содржини поврзани со изучувањето на јазикот, литературата и историјата. Затоа, нивното изучување развива холистичко обработување на појавите и способност за развивање на интегративното мислење.

Изучувањето на класичните јазици се поврзува и со изучувањето на мајчиниот јазик. Без компаративно и контрастивно обработување на јазичните појави во латинскиот / старогрчкиот и мајчиниот јазик не можат да се достигнат целите на изучувањето на латинскиот / старогрчкиот јазик. Успешното изучување на класичните јазици претпоставува логична анализа и синтеза на јазичните појави и доследно владеење на граматичките правила. Така, лексичките рефлексии на латинскиот / старогрчкиот јазик на мајчиниот јазик (класичните извори и латинизмите, грцизмите) ги поврзуваат двата предмета. Исто така, значајно поврзување се постигнува преку изучувањето на влијанието на антиката (грчката и римската книжевност и грчката и римската митологија) врз македонската и светската книжевност.

Изучувањето на класичните јазици се надоврзува и на изучувањето на странските јазици. Покрај компаративното и контрастивно разгледување на јазичните појави што овозможува нивно подобро разбирање во одделните јазици, тие го олеснуваат совладувањето на вокабуларот на странските јазици.

Класичните јазици со своите културно – цивилизациски особености се поврзуваат и со историјата, философијата, социологијата и психологијата, и овозможуваат учениците да развијат свест за неделивата поврзаност на минатото и сегашноста, причинско-последичната поврзаност на сите појави и толерантното разбирање и прифаќање на различноста.

Исто така, класичните јазици се поврзува со изучувањето на речиси сите стручни предмети, бидејќи помагаат во изучувањето на нивната терминологија.